# 1NDGR3EN



СТУДЕНТСКИ КОНКУРС ЗА ИДЕЈНО АРХИТЕКТОНСКО РЕШЕНИЕ НА

## СТУДЕНТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР

Амбиентот во канцеларискиот простор е битен фактор за креативноста и продуктивноста на корисниците, кои се чувствуваат подобро во релаксирани домашни простори за разлика од традиционалите, фиксни, „студени“ канцелариски простори.

Ова решение цели кон создавање на работен простор кој ќе биде привлечен за студентите исполнет со креативна, опуштена и неформална атмосфера, каде ентериерот ги следи новите трендови на уредување на канцелариските простори во вид на повеќенаменски зони.

Употребата на дрво, боја и зеленило се примарните елементи со кои се служевме за да создадеме комфорна и свежа средина. Сите елементи се стремат да се вклопат со студентскиот животен стил со цел да бидат извор на креативност и инспирација на студентите.

### РАСПОРЕД

Решението има за цел да понуди флуидност на просторот, трансформабилност и да ги користи ергономските принципи на комфорност на работното место. Отворените библиотеки, застаклените врати и белите завеси се елементите што ги дефинираат, но не ги раздвојуваат различните зони. Одржувањето на визуелната врска помеѓу просториите без нивно реално одвојување помага да се зајакне духот на тимска работа без да се наруши нечиј личен простор. Флексибилноста е присутна во сите зони, со што се генерираат простори за заедничка работа каде корисниците истовремено може да се фокусираат на сопствена работа.

Влезниот простор добива поинаков амбиент со пропуштање на дневната светлина преку канцеларијата, надополнет со лежерно седење. Истиот по потреба се употребува како изложбен простор каде делата би се поставувале обесени на шините на плафонот.

Канцеларијата претставува единствен интимен работен простор кој е прерграден со помош на дрвени талпи за да се оддели остава за складирање на опрема и резервен мебел, каде стаклениот ѕид кон влезниот простор во еден дел се користи и како табла.

Мултифункционалниот простор е обликуван врз концептот на работна „дневна“ соба каде со помош на различни групации на мебелот и завесите просторот се прилагодува на намената.

Дизајнот на кујнскиот простор е третиран како современо бистро во кое преовладува употребата на индустриската естетика надополнета со зеленило.

Тоалетите добиваат свеж лик со нови плочки, современи санитарии, полици и зголемено вештачко осветлување.

### ОСНОВА М=1:75



### ПРЕСЕК 1-1



### ПРЕСЕК 2-2



1.влезен простор/изложба
2.канцеларија
3.мултифункционален простор
4.дневна соба
5.кујна
6.остава
7.тоалети

### ПРЕСЕК 3-3



*Мултифункционалниот простор е трансформабилен, со помош на различни групации на мебелот и завесите се добиваат простори за различни намени

0 1 2 5m




### ОСНОВА НА ПЛАФОН М=1:75





# 1NDGR3EN




### МЕБЕЛ

За да одговориме на потребата на функционалност на просторот, нашето решение предлага употреба на парчиња мебел кои нудат различни работни/релаксирачки групации во заедничкиот простор, како и искористување на периметралната зона пред прозорите за лежерно седење. Библиотеката помеѓу канцеларијата и мултифункционалниот простор се користи за складирање на материјали и содржи елементи што може да се извадат и користат како странични маси и/или столови кога е потребно. Исто така во влезниот простор се поставени локери над кои се издигнува преграда од арматурни прачки која овозможува визуелно поврзување со кујнскиот простор, како и гардеробер во длабочина на ѕидот веднаш до влезната врата.

### ОСВЕТЛУВАЊЕ

Со намера атмосферата да биде попријатна расветата е раздвоена на неколку типови така што осветлувањето во просторот даваат висечки светилки, столни и подни ламби како и насочени спот светла. За регулирање на природната светлина и топлина во сончеви денови се користат завеси изработени од текстил со бела боја.

### МАТЕРИЈАЛИ

Решението се базира на употреба на три примарни материјали: разновидни плочки за подовите, метал и дрво. За најголемиот дел од мебелот и работните површини металот е обоен со црна боја, а се користи борова иверка која дава топла и органска привлечност на целиот простор.
Со комбинација на дрвото и зелената боја која преовладува низ целото решение се создава пријатен, опуштен и инспиративен амбиент за работа.

### ПРЕСЕК 4-4




### ПРЕСЕК 5-5











